**УДК:929Јовановски, К.**

**IN MEMORIAM**

## ЧОВЕКОТ И СМИСЛАТА: КОН ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ПРОФ. Д-Р КОЛЕ ЈОВАНОВСКИ (1945 – 2020)

На 28 август 2020 година нашата филозофска заедница загуби еден од нејзините најистакнати членови – проф. д-р Коле Јовановски, редовен професор во пензија на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Професорот Јовановски зад себе остави мошне значајно филозофско наследство, особено во областите на филозофската антропологија, аксиологијата и филозофската терминологија. Неговите три најзначајни стручни книги се поврзани токму со овие филозофски дисциплини: *Филозофска антропологија* (2000 година), *Филозофски речник* (2002 година) и *Проблемот на смислата* (2005 година).

Професорот Коле Јовановски е роден на 26 ноември 1945 година во село Степанце, во близина на Куманово. Неговата целокупна истражувачка и наставно-научна дејност е нераскинливо врзана со Филозофскиот факултет во Скопје, во чии рамки ги завршува своите додипломски, постдипломски и докторски студии по филозофија, а потоа гради и мошне успешна научна и професорска кариера. Ги предавал предметите Увод во филозофијата, Филозофска антропологија, Филозофска терминологија, Аксиологија, Основи на марксистичката филозофија и Филозофија (општ курс) на Филозофскиот факултет, а изведувал настава и на Филолошкиот, Шумарскиот, Медицинскиот и Економскиот факултет, како и на Воената академија „Михајло Апостолски“ во Скопје. Бил раководител на постдипломските студии на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во периодот од 1995 до 1999 година.

Со своите високи научни достреи во дисциплините што беа подрачје на неговото потесно интересирање, но и со својата посветена педагошка дејност, со искрениот и човечен однос кон своите колеги, студенти и кон сите со кои се среќаваше, проф. д-р Коле Јовановски остави неизбришлива трага, како во историјата на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет, така и во поширокото подрачје на македонската филозофска, општествено-хуманистичка и интелектуална култура.

За време на додипломските студии по филозофија, кои ги завршил во 1969 година, студентот Коле Јовановски бил толку посветен, што, според сведоштвата на неговиот колега и пријател, проф. д-р Мирко Ѓошевски, добивал повеќекратни и јавни пофалби од неговите професори; така, професорот Митко Илиевски во една прилика, дури и се пожалил дека при постојниот режим на вреднување на студентските резултати не е во мож-

ност соодветно да го награди студентот Јовановски за неговата активност. Заради тоа, веднаш по завршувањето на додипломските студии, во 1970 година, Јовановски бил избран како помлад асистент, под менторство на проф. д-р Митко Илиевски, најпрво на предметот Увод во филозофија и Филозофија (општ курс), а подоцна и на горенаведените предмети.

Она што може да се наведе како уште еден куриозитет за Коле Јовановски е фактот што тој бил првиот студент кој ги завршил постдипломските студии по филозофија на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје. Неговиот магистерски труд, *Марксовиот концепт за човековите потреби*, тој го одбранил во 1985 година. А неговите долгогодишни истражувачки напори во проучувањето на проблематиката на филозофската антропологија кулминирале со одбраната на докторската дисертација, *Проблемот на смислата во југословенската филозофија*, на Филозофскиот факултет во Скопје во 1989 година.

Според ангажманот и опусот на професорот Коле Јовановски, може да се констатира дека тој, во својата академска и филозофска кариера, најмногу беше преокупиран со три филозофски прашања: проблемот на човекот, разгледуван од филозофско-антрополошки ракурс (неговата смртност, смислата на човековата егзистенција, отуѓувањето, положбата на човекот во универзумот и кон апсолутот, штоството и каквоста на човекот, човековата слобода и одговорноста и редица други); прашањето за вредностите, артикулирано низ филозофската дисциплина аксиологија; и исклучително комплексниот проблем на артикулацијата на филозофските идеи и поими, кои влегуваат во филозофско-лексичко-семантичката дисциплина – филозофска терминологија. Последниов негов потфат, се чини, беше најтежок и најпредизвикувачки, зашто професорот Јовановски беше преокупиран со изнаоѓање и смислување кованици од скромниот зборовен фонд на македонскиот јазик, со коишто, според негово видување, би можеле најсоодветно да се изразат некои филозофски идеи, теории и поими. Поради тоа, честопати се случуваше неговиот стил на излагање и пишување да претставува тешкотија во разбирањето, не само за неговите студенти, туку и за неговите колеги од Институтот за филозофија. Сепак, и покрај тоа, треба да се истакне дека ниту една филозофска традиција не била изградена без едно вакво филозофско преосмислување на постојниот зборовен фонд. Филозофијата е таков вид на вокација/наука/животен стил, што едноставно наложува преиспитување и преосмислување на сè она што дотогаш се сметало за дефинирано, востановено и стандардизирано. Ако ништо друго, доволно е бегло да се осврнеме на егзистенцијалистичката и постструктуралистичката традиција на XX век, за да се увериме во оваа констатација. Во тој поглед, придонесот на професорот Јовановски е пионерски и претставува поттик сите ние, негови наследници, да се обидеме да го продолжиме и колку што можеме да го надградиме.

Бидејќи овој осврт кон интелектуалниот и академскиот ангажман на професорот Коле Јовановски би бил премногу долг доколку преминеме

кон набројување на сите стручно-филозофски и научни трудови кои тој ги објавил во неговата кариера (повеќе од 100), сега, на крајот, ќе се осврнеме кон најзначајните теми и претставници на филозофијата кои тој ги истражувал во текот на својот работен век. Во бројните негови трудови, Јовановски пишувал за следниве филозофски теми: предметот на филозофската антропологија, отуѓувањето, опредметувањето, човековата суштина, смислата и вредноста на егзистенцијата, односот на човекот кон неговото дело, човековите потреби, самоуправувањето, одумирањето на државата, аксиологијата, филозофската терминологија и др. Во останатите трудови, посветени на конкретни филозофи и на нивните гледишта поврзани со филозофската антропологија, аксиологијата и терминологијата, Јовановски, во своите истражувања, се осврнал на следниве: Демокрит, Рене Декарт, Џорџ Беркли, Дејвид Хјум, Имануел Кант, Артур Шопенхауер, Огист Конт, Карл Маркс, Фридрих Ниче, Вилхелм Винделбанд, Ернст Касирер, Макс Шелер, Николај Хартман, Мартин Хајдегер, Рудолф Карнап, Херберт Маркузе, Албер Ками, Пол Рикер и др.

Ова беше преглед на најзначајните аспекти на академската и научната кариера на професорот Коле Јовановски. Се разбира дека за неговиот посветен професионален филозофски ангажман секогаш ќе има да се додадат дополнителни сведоштва. Сепак, за крај, при вакви осврти, речиси секогаш останува да се укаже на една насушна потреба. Бројните раштркани трудови на професорот Јовановски (објавувани во разни зборници, научни списанија и сл.) треба да се соберат, уредат и да се објават во една или во повеќе целини и на тој начин да му се оддаде соодветна почит на нашиот уважен професор и на неговото дело.

Вангел Ноневски